***Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА***

# ***ПРАВИЛНИК***
***за номенклатура на движни и недвижни ствари кои ги користат Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија***

***- Скопје,  јануари 2016 година -***

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08 и 167/10), а во врска со член 20 став 1 точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), министерот за одбрана, донесе

# *П Р А В И Л Н И К*
## *за номенклатура на движни и недвижни ствари кои ги користат Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија*

## *I.ОПШТИ ОДРЕДБИ*

### *Член 1*

Со овој правилник се пропишува номенклатурата на движни и недвижни ствари (во натамошниот текст: материјални средства) кои ги користат Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија (во понатамошниот текст: МО и АРМ).

### *Член 2*

Номенклатурата на движни и недвижни ствари кои ги користат МО и АРМ претставува систем на групирање, класифицирање и именување на материјалните средства и одредување на нивниот номенклатурен назив и номенклатурен број.

Номенклатурата на средствата е единствена за сите материјални средства.

Под единственост на номенклатурата, се смета дека материјални средства со исти карактеристики имаат ист номенклатурен назив и ист номенклатурен број.

Номенклатурата на средствата е основа за правилно и ажурно материјално и финансиско работење и организирање на базата на податоци на материјалните средства.

### *Член 3*

Корекција на податоците на номенклатурниот број и номенклатурниот назив во базата на податоци за материјалното средство одобрува овластено лице од МО/ АРМ.

## *II. НОМЕНКЛАТУРЕН НАЗИВ*

### *Член 4*

Називот на одредено материјално средство, според номенклатурата (во натамошниот текст: номенклатурен назив) претставува збор – именка или повеќе зборови со кои средството поимно се дефинира. Именката и придавката од називите се пишуваат на македонски јазик и кирилско писмо.

Освен поимно, во номенклатурниот назив се пишуваат и сите битни карактеристики кои тоа материјално средство прецизно го дефинираат и истите може да бидат напишани со латинско писмо.

***Член 5***

Доколку номенклатурниот назив има повеќе зборови, именката се пишува на прво место и со големи букви. Номенклатурниот назив се пишува во еднина, освен за именките кои немаат еднина.

***Член 6***

За номенклатурен назив се зема називот на средството одреден со соодветен стандард. Доколку за некое средство не е усвоен назив според стандардот, се зема еден од називите одредени од производителите на средството.

За номенклатурниот назив на лекови, хемикалии и други материјални средства од надлежност на санитетската и ветеринарната служба, се зема назив согласно законската регулатива во Република Македонија за соодветниот вид на средства.

Исклучително, може да се употреби и странски збор со соодветна кирилска транскрипција, доколку за назив на тоа средство не постои домашен збор.

Номенклатурниот назив е единствен и неговата употреба е задолжителна во материјално-финансиските документи.

***Член 7***

Номенклатурниот назив се состои од основно име и колоквијално име.

Основното име на материјалното средство е текстуална ознака и истата ја доделуваат тактичките носители и носителите на план (во натамошниот текст: носителите), согласно спецификациите од производителот или називите дадени од други организации и установи.

Колоквијалното име е дополнување на основното име.

## ***III. НОМЕНКЛАТУРЕН БРОЈ***

***Член 8***

Номенклатурниот број е петнаесетоцифрен број. Истиот е составен од бројни ознаки за следните делови: класа (четири цифри), основно име (осум цифри), статус (една цифра) и колоквијално име (две цифри) на материјалното средство. Поради полесна употреба, горенаведените делови на номенклатурниот број меѓусебно се одвојуваат со цртичка.

Едно материјално средство е комплетно идентификувано (еднозначно се определува неговата форма, големина и функција) со првите тринаесет цифри од номенклатурниот број.

## ***IV. КЛАСИФИЦИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА***

***Член 9***

Класифицирањето на средствата во групи и класи е единствено за сите организациски единици на МО и АРМ.

Во номенклатурата на материјалните средства, сите средства се класифицирани во групи и класи според сродноста, согласно НАТО кодификацискиот систем.

Групите претставуваат пошироки групации на сродни материјални средства. Класите претставуваат потесни групации на сродни средства на една група.

Секоја група и класа на материјални средства добива свој назив и бројна ознака. Специјалните составни делови, потсклопови, склопови, алат, прибор, комплети, гарнитури и амбалажа, кои припаѓаат или се наменети на едно сложено материјално средство, односно кои се заеднички за повеќе сродни сложени материјални средства, но кои не се стандардизирани, се класифицираат со сложеното материјално средство.

Првите две цифри ја означуваат групата на материјални средства, која започнува со бројот „01“, а завршува со бројот „99“. Третата и четвртата цифра ја означуваат потесната група во рамките на пошироката група на материјалното средство, а започнуваат од „01“ и завршуваат со „99“. Наведените цифри служат за потесно класифицирање на материјалните средства.

## *V. ИМЕНУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА*

### *Член 10*

Именувањето на материјалните средства се врши по однапред определена методологија која содржи критериуми за одлучување, дефинирани зависно од видот на средствата.

Методологијата се пропишува со упатството за номенклатура, со што се овозможува еднообразност (еднозначност) во одредувањето на номенклатурниот назив за одредено материјално средство.

### *Член 11*

По именувањето на материјалното средство му се одредува шифра на основното име.

Шифрата на основното име се состои од осум цифри и започнува од бројот „00000001“, а завршува со бројот „99999999“.

## *VI. СТАТУС НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА*

### *Член 12*

Под статус на материјални средства, согласно одредбите на овој правилник, се подразбира поделба на материјалните средства согласно одредбите на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници.

Шифрата на статусот на материјалните средства е едноцифрен број (0-9) кој има одредено значење.

## *VII. КОЛОКВИЈАЛНО ИМЕ НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА*

### *Член 13*

Колоквијалното име нема влијание на функцијата на средството. Истото се однесува на производителот на средството.

Исти средства се средствата кои припаѓаат на иста класа, имаат исто основно име и се со ист статус.

Шифра на колоквијално име – претставува двоцифрена ознака почнувајќи од „01“ до „99“, која автоматски се дододелува по принцип на следен слободен број.

## *VIII. НАДЛЕЖНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО ОБЛАСТА НА НОМЕНКЛАТУРАТА НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ВО МО И АРМ*

### *Член 14*

Организациските единици во МО и АРМ кои имаат надлежност во областа на номенклатурата се: надлежната организациска единица за кодификација (во натамошниот текст: ОЕК) во МО, тактичките носители, техничките носители, носителите на планирање и надлежната организациска единица за материјално сметководство (во натамошниот текст: ОЕМС).

### *Член 15*

Носител на системот на номенклатурата на материјалните средствата е ОЕК во МО и истата ги врши следните работи:

1. Ажурирање на групите и класите на средствата;

2. Ажурирање на опсег на номенклатурните броеви по видови на материјални средства во соработка со Тактичките и техничките носители (ТТН);

3. Креирање, водење и ажурирање на регистарот на ознаките на имениците и на барање на тактичките и техничките носители доделува ознаки на имениците;

4. Изработување на документи на номенклатурата на средствата (освен имениците) и дефинирање на формите на документите за пријавување на материјалните средства;

5. Следење и проучување на прашањата за системот за номенклатурата на материјалните средства и преземање на мерки за поефикасно извршување на работите во таа област и по потреба давање на стручна поддршка на останатите организациски единици кои имаат надлежност во системот на номенклатурата;

6. На барање на тактичките и техничките носители за материјалните средства со познат НАТО стоковен број (NSN), врши препознавање со одредување на називот и карактеристиките на материјалното средство.

### *Член 16*

Тактичките носители ги вршат следните работи:

1. Изработуваат и ажурираат именици на основните материјални средства и комплети и се грижат за нивната примена;

2. Одредуваат номенклатурни називи и номенклатурни броеви и ги пополнуваат пријавните листови за воведување во системот на новите материјални средства од својот домен;

3. Соработуваат со носителот на системот на номенклатура на материјални средствата при:

-изработка на имениците;

-дополнувањата и изменувањата на групите и класите на материјални средства;

-препознавање со одредување на називот и карактеристиките на материјалното средство за материјалните средства со познат NSN;

4. При креирање на оперативните барања за набавка за потребите од опремување на МО и АРМ со нови средства, задолжително предвидуваат обезбедување на потребни податоци за пријавување на материјалните средства и нивните составни делови;

5. Даваат предлози во врска со изработка на документацијата на номенклатурата на МО и АРМ за поефикасно извршување на работите;

6. Доставуваат барање до ОЕК по однапред утврден образец за идентификација на одредено средство според НАТО кодификацискиот систем.

***Член 17***

Техничките носители на средствата ги вршат следните работи:

1. Во зависност од потребите за одржување ги изработуваат и ажурираат имениците на составните делови на основните материјални средства и останатите материјални средства и се грижат за нивната примена;

2. Ги одредуваат номенклатурните називи и номенклатурните броеви на составните делови на основните материјални средства и ги пополнуваат пријавните листови за истите;

3. При набавка на составни делови на МС задолжително предвидуваат обезбедување на потребните податоци за пријавување на истите;

4. Даваат предлози во врска со изработката на документите на номенклатурата на МО и АРМ поради поефикасно извршување на работите;

5. Доставуваат барање до ОЕК по однапред утврден образец за идентификација на одредено средство според НАТО кодификацискиот систем.

***Член 18***

Носителите на планирање ги вршат задачите и обврските на тактичките, односно техничките носители во согласност со одредбите на овој Правилник за материјалните средства надвор од материјалната формација на АРМ.

Доколку за одредено материјално средство во улога на носител за планирање се јават повеќе субјекти, задачите и обврските на тактичките, односно техничките носители ги извршува и реализира определениот носител за планирање, согласно Прегледот на поврзаност на материјалните средства со носители, одобрен од страна на министерот за одбрана.

***Член 19***

ОЕМС води и ажурира  евиденција на пријавни листи во електронска и тврда копија. Базата на податоци се состои од Регистар на пријавни листи за одредување на номенклатурниот број и номенклатурниот назив на ново материјално средство и Регистар на пријавни листи за корекција на податоци на номенклатурниот број и номенклатурниот назив за материјално средство.

## *IX. ДОКУМЕНТАЦИЈА НА НОМЕНКЛАТУРАТА*

***Член 20***

Документацијата на номенклатурата на материјалните средства ја сочинуваат: прегледите, имениците, регистрите и документите за пријавување. Тие се водат електронски и се ажурираат месечно.

Истите служат за утврдување:

- дали за одредено средство постои номенклатурен назив и номенклатурен број;

- кое е основното и колоквијалното име на одреденото средство;

- во кој именик е опфатено одреденото средство, односно на кое сложено средство или група му припаѓа.

***Член 21***

Прегледи на номенклатурата на средствата се следните:

1.Преглед на групи на материјалните средства;

2.Преглед на класи на материјалните средства;

3.Азбучен преглед на основни имиња на средствата;

4.Преглед на номенклатурни броеви и номенклатурни називи на средствата;

5.Преглед на шифри на основни имиња и основни имиња;

***Член 22***

За идентификација на материјалните средства се користат следниве именици:

1.Именици на основни материјални средства;

2.Именици на составни делови на материјалните средства;

3.Именици на материјални комплети;

4.Именици на составни делови на материјалните комплети;

5.Именици на недвижности;

6.Именици на животни.

***Член 23***

Во рамките на номенклатурата на материјалните средства се водат следните регистри:

1. Регистар на именици;

2. Регистар на пријавни листи за одредување на номенклатурниот број и номенклатурниот назив на ново материјално средство;

3. Регистар на пријавни листи за корекција на податоци на номенклатурниот број и номенклатурниот назив за материјално средство.

***Член 24***

Документите за пријавување на средствата ги сочинуваат:

- Пријавен лист за одредување на номенклатурниот број и номенклатурниот назив на ново материјално средство и

- Пријавен лист за корекција на податоци на номенклатурниот број и номенклатурниот назив на материјално средство.

## *X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

***Член 25***

За материјалните средства кои се во употреба, тактичките и техничките носители во рок од три месеци по влегувањето во сила на овој Правилник, изработуваат и до министерот за одбрана доставуваат на одобрување Динамички план за изработка на потребните именици.

***Член 26***

Подетални објаснувања за изработка и начин на користење на номенклатурата на материјалните средства се дадени во Упатството за примена на Правилникот за номенклатура на движни и недвижни ствари кои ги користат Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

***Член 27***

ОЕК на МО, како носител на системот на номенклатура е одговорна за усогласување на одредбите на овој правилник со тековните измени во законската регулатива.

***Член 28***

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за номенклатура на движните и недвижни ствари со кои располага МО и АРМ инт.бр. 01-320/1 од 30.03.2011 година.

***Член 29***

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

***Бр.*** 01-765/1
29.01 ***2016 година***
***Скопје***

***МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА***
***Зоран Јолевски***